**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-602/8**

**Скопје, 01.12.2006 година**

**До**
**Основен суд Гостивар – Гостивар**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Гостивар - Гостивар депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2005 година кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Бранко Секулоски–Претседател на Основен суд Гостивар до 31.01.2005 година,
   - Зафир Зекири-Заменик на Претседател на Основен суд Гостивар од 01.02. до 17.05.2005 година и
   - Кристе Николоски–Претседател на основен суд Гостивар од 18.05.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 05.10.2006 година до 06.10.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои

се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10.Основниот суд нема составено финансиски извештаи, ниту вршел книговодствена евиденција на депозитите во 2004 година, поради што финансиските извештаи за 2005 година не содржат податоци за претхдната година.

11.Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка, спротивно на член 338 од Судскиот Деловник. Некомлетноста на завршната сметка придонесува Основниот суд да не располага со комлетни податоци како прилог на финансиските извештаи.

**Препорака:**
По годишното заклучување на работните книги за евиденција на депозитите и изработка на "Биланс на средствата на депозитите", да се формира Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите, која ќе ја определи Претседателот на судот, а изработката на Прегледот на судските депозити да е состевен дел на завршната сметка.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Гостивар – Гостивар – депозитна сметка под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.1. кај Основен суд Гостивар - Гостивар - депозитна сметка остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 30.11.2006 година**

## Основен суд Гостивар - Гостивар

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,863 | - |
| **Вкупно приходи** | **1,863** | **-** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 635 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **635** | **-** |
| **Вкупно расходи** | **635** | **-** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **1,228** | **-** |

## Основен суд Гостивар - Гостивар

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,228 | - |
| **Вкупно тековни средства** | **1,228** | **-** |
| **Вкупна актива** | **1,228** | **-** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 1,228 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,228** | **-** |
| **Вкупна пасива** | **1,228** | **-** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------